Врз основа на член 2 став (22) од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19), министерот за образование и наука утврди

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧЕН ИСПИТ

## Член 1

Со овој правилник се утврдува висината на надоместокот на трошоците за полагање на стручен испит кој ги плаќа приправникот, врз основа на реално направените трошоци за спроведување на стручниот испит.

## Член 2

Висината на надоместокот на трошоците во постапката за полагање на стручен испит се утврдува во висина на направените реални трошоци и изнесува 1.600,00 денари по пријавен стручен испит.

## Член 3

Со износот од член 2 од овој правилник се покриваат направените реални трошоци во постапката за полагање на стручен испит.

## Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на неговото донесување.

Бр. 18-11405/1
07.10.2019 година
Скопје

Министер
за образование и наука,
**Dr. Arbër Ademi**